СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 декември 2019 година.

Бр. 08-7123/1
27 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Стево Пендаровски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 27/19), во членот 1 став 1 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2019 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година“.

Во ставот 2 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2019 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.